**20150552074**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**

Врз основа на член 88-т став (3) од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 и 199/14), министерот за култура, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ИЗДАДЕНИТЕ, ОДЗЕМЕНИТЕ И ПРОДОЛЖЕНИТЕ КОНЗЕРВАТОРСКИ ЛИЦЕНЦИ, КАКО И КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ЛИЦЕНЦИ КОИ ПРЕСТАНАЛЕ ДА ВАЖАТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадените, одземените и продолжените конзерваторски лиценци, како и конзерваторските лиценци кои престанале да важат (во натамошниот текст: регистарот).

Член 2

Регистарот се води на образец кој ги содржи следните податоци организирани во рубрики:

- „реден број“ каде што се запишува редниот број под кој лицето кое поседува конзерваторска лиценца се заведува во регистарот;
- „име и презиме“ каде што се запишува името и презимето на лицето кое поседува конзерваторска лиценца;
- „адреса, телефонски број и електронско сандаче за прием на писмена на лицето кое поседува конзерваторска лиценца “ каде што се запишуваат адресата на живеалиште, односно престојувалиште на лицето кое поседува конзерваторска лиценца, неговиот телефонски број, како и електронската адреса на која лицето кое поседува конзерваторска лиценца ќе прима писмена;
- „датум на полагање на испитот за добивање на конзерваторска лиценца“ каде што се запишува датумот кога лицето го полагало испитот за добивање на конзерваторска лиценца;
- „број на конзеваторската лиценца и датум на издавање на конзерваторската лиценца“ каде што се запишува бројот на конзерваторската лиценца и датумот на издавање на конзерваторската лиценца;
- „број на актот за замена и датум и причина за замена на издадената конзерваторска лиценца“ каде што се запишува бројот на актот за замена и датумот на замена на издадената конзерваторска лиценца, како и причините за замена (промена на лични податоци на нејзиниот носител, неупотребливост поради оштетување или губење);
- „број на актот за одземање на конзерваторската лиценца и датум и причина за одземање и престанок на конзерваторската лиценца“ каде што се запишува бројот на донесениот акт за одземање на конзерваторската лиценца и датумот кога конзерваторската лиценца била одземена, односно престанала да важи како и причината за нејзино одземање;
- „податоци за работодавачот на лицето кое поседува конзерваторска лиценца (назив, адреса и телефонски број)“ каде што се запишува називот, адресата и телефонскиот број на органот на државната управа, високообразовната установа, научната установа, стручната установа, трговското друштво, односно трговецот поединец во кое е вработено лицето кое поседува конзерваторска лиценца или дека е самовработено лице.

Образецот од ставот 1 на овој член е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Регистарот се води во електронска форма.

Извод од регистарот се отпечатува на хартија на квартално ниво.

Уписот во Регистарот се врши според датумот и редоследот на издавање на конзерваторската лиценца.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службениот весник на Република Македонија“.

Бр. 55-4847/1
2 април 2015 година
Скопје

Министер за култура,
д-р **Елизабета Канческа Милевска**,с.р.

**Прилог**

| Реден број | Име и пре-зиме | Адреса, телефон-ски број и електрон-ско сандаче за прием на писмена на лицето кое поседува конзерват орска лиценца | Датум на полагање на испитот за добивање на конзерва-торска лиценца | Број на конзерва-торската лиценца и датум на издавање на конзерва-торската лиценца | Број на актот за замена и датум и причина за замена на издадената конзерватор-ската лиценца | Број на актот за одземање на конзерва-торската лиценца и датум и причина за одземање и престанок на конзерва-торската лиценца | Податоци за работодава-чот на лицето кое поседува конзерваторс ка лиценца (назив, адреса и телефонски број) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |